Уп. бр. 08-81

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од МКГ Пропертис Лтд (MKG Properties Ltd), со седиште на адреса Криноу 3, Д ОВАЛ, кат/канцеларија 502, Агиос Атанасиос, 4103 Лимасол, Кипар и Александар Недвижности Савудрија д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Црвен Врв – Монте Росо, Град Умаг, Албери – Албери 304, Република Хрватска, доставено преку полномошник Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 15.06.2022 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на основање на друштво за заедничко вложување со назив Смрка Резорт д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Црвени Врв, Албери 304, Град Умаг, Република Хрватска, помеѓу друштвата МКГ Пропертис Лтд (MKG Properties Ltd), со седиште на адреса Криноу 3, Д ОВАЛ, кат / канцеларија 502, Агиос Атанасиос, 4103 Лимасол, Кипар и Александар Недвижности Савудрија д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Црвен Врв – Монте Росо, Град Умаг, Албери – Албери 304, Република Хрватска, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

### О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 03.05.2022 година, а дополнето на ден 18.05.2022 година и 06.06.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), е доставено известување за концентрација која се

однесува на основање на друштво за заедничко вложување со назив Смрка Резорт д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Црвени Врв, Албери 304, Град Умаг, Република Хрватска, помеѓу друштвата МКГ Пропертис Лтд (MKG Properties Ltd), со седиште на адреса Криноу 3, Д ОВАЛ, кат / канцеларија 502, Агиос Атанасиос, 4103 Лимасол, Кипар и Александар Недвижности Савудрија д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Црвен Врв – Монте Росо, Град Умаг, Албери – Албери 304, Република Хрватска.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

- МКГ Пропертис Лтд е друштво во состав на МК Групата, која е под контрола на господин Миодраг Костиќ („МК Група“). Во состав на МК Групата се наоѓаат повеќе од 40 поврзани претпријатија кои работат во Србија и во странство, и кои вработуваат повеќе од 4.000 вработени. Деловната активност на МК Групата како целина, е во основа производство и трговија со земјоделски производи. МК Групата е активна со производство на шеќерна репка, шеќер, пченка, пченица, јачмен, маслодајна репка, и други ратарски култури со употреба на најсовремени агротехнички мерки и земјоделска механизација од последна генерација. МК Групата покрај тоа тргува со земјоделски производи, вештачко ѓубриво, пестициди, меркатилни и семенски производи (пченица, пченка, соја). Дополнително, МК Групата се занимава и со туризам, информациски технологии, како и со банкарски и брокерско-дилерски работи.

МК Групата нема зависно друштво во Северна Македонија. МК Групата во 2021 година, има остварено приход во Северна Македонија исклучиво од извоз на земјоделски производи.

-Александар Недвижности Савудрија д.о.о. е хрватско друштво основано во 2021 година во целосна сопственост (100%) на физичко лице, г-ѓа Рајка Гајиќ и е под контрола на физичките лица г-ѓа Рајка Гајиќ и г. Воислав Гајиќ. Друштвото Александар Недвижности Савудрија д.о.о. нема поврзани друштва.

-Друштвото за заедничко вложување ќе биде основано под деловниот назив Смрка Резорт д.о.о. и истото допрва ќе биде основано. Дејноста на друштвото ќе биде управување и располагање со недвижности т.е. станбен простор на островот Брач во Република Хрватска.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 а) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со

истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**